# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 27 Јануари 2017 година Скопје Бр.1 Год. XII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров – Скопје.......................................................стр.2
2. Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2017 година...............стр.6
3. Одлука за донација на патничко моторно возило на Манастир „Св.Ѓорѓија“-с.Кучково...........................................................................................стр.8


Декември 2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт С3 11, Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт С3 11, Општина Ѓорче Петров – Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесеттата седница на Советот, одржана на ден 27.01.2017 година.

**Број 09-232/1**
**од 27.01.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13), член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, на 60-тата седница одржана на 27.01.2017 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука **се донесува Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров - Скопје.** Деталниот урбанистички план, во целост ги почитува одредбите на ГУП на град Скопје (Службен гласник на град Скопје бр .8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ"51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.63/12126/12, 19/13 и 95/13) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови („Сл. весник на РМ" бр.78/06).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се **донесува Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петро-Скопје, со вкупна површина од 26.05ха. Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:**

**Север:** по границата на ГУП Скопје 2012год.со која се совпаѓа;

**Исток:** по осовина на новопланирана улица;

**Југ:** по осовина на градскамагистрална улица „Црногорска"

**Запад:** по осовина на автопат ( ГУП Скопје 2012год.)

**Ч л е н 3**

**Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 011 , Општина Ѓорче Петров Скопје кој се донесува,** е изработен од Иванов инженеринг дооел – Битола, со технички број 0801-01-02/15 ;

Деталниот Урбанистички план е со следната **СОДРЖИНА:**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

## ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Вовед

1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околи
3. Природни чинители на опфатот
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење
7. Инвентаризација на бесправно изградени градби
8. Инвентаризација на изградена комунална супраструктура
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови
10. Анализа на можности за просторен развој
11. Извод од ГУП на град Скопје
12. Други податоци за планскиот опфат
13. Нумерички дел

**Графички дел:**

1. Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат ................ 1 : 1000
2. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби ................. 1 : 1000
3. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд,

вкупна физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура... 1 : 1000

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Вовед

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат
2. Географска местоположба на планскиот опфат
3. Текстуални одредби од Извод од ГУП на град Скопје
4. Планска програма
5. Опис и образложение на планскиот концепт
6. Плански концепт на комуналната инфраструктура
7. Економско образложение
8. Мерки за заштита
9. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
10. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
11. Нумерички дел

**Графички дел:**

1. План на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и план на површини за градење, план на зеленило ........................... 1:1000
2. Сообраќаен план и нивелациски план ........................................ 1:1000
3. Инфраструктурен план .................................................................. 1:1000
4. Синтезен план .................................................................................. 1:1000

**Член 4**

Донесениот Детален Урбанистички план се заверува со печат на Советотот на Општина Ѓорче Петров-Скопје и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршувањето на целата законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план, со сите негови делови, се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 08-160/3**
**Од 27.01.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетски календар на Општина**
**Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Шеесеттата седница на Советот, одржана на ден 27.01.2017 година.

**Број 09-232/2**
**од 27.01.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14),, Советот на општина Ѓорче Петров на 60-тата седница одржана на 27.01.2017 година, донесе:

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2017 година**

| Р.број | **А К Т И В Н О С Т И** | **Месеци во годината** |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | **Јануари** |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2018 г. до сите организациони единици на општината, како и до сите буџетски корисници, т.е. Општински јавни установи | **До 30 Јуни** |
| 3. | Сите организациони единици и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | **Најдоцна до 20-ти Септември** |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | **Најдоцна до 30-ти Септември** |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | **до 15-ти Октомври** |
| 6. | Градоначалникот организира собирти со граѓаните по Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | **од 01-ви до 10-ти Октомври** |
| 7. | Секторот за финансиски пашања го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **до 10-ти Ноември** |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и Урбани заедници, медиум и т.н. | **До 30-ти Ноември** |
| 9. | Градоначалникот доставува конечна верзија на Предлог-буџет за наредната година до Советот на општината | **Најдоцна до 10-ти Декември** |
| 10. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | **Најдоцна до 31 Декември** |

Буџетскиот календар за 2017 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров”.

**Број 08-160/4**
**27.01.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донација на патничко моторно возило на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија за Манастир Св.Ѓорѓија- с.Кучково**

Се објавува Одлуката за донација на патничко моторно возило на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија за Манастир „Св.Ѓорѓија"-с.Кучково, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесеттата седница на Советот, одржана на ден 27.01.2017 година.

**Број 09-232/3**
**од 27.01.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М.“ бр.5/2002) и ), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 60-тата седница одржана на ден 27.01.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За донација на патничко моторно возило**
**на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија**
**за Манастир Св.Ѓорѓија- с.Кучково**

**Член 1**

Се одобрува донација на патничко моторно возило, Застава Југо Корал 1.1 нерегистрирано, со број на шасија VX 1145A00 01098912, број на мотор 1MA 064/1554621, со боја на каросерија 75/ црвена, производство 2005 година и регистарска таблица SK-343-OV, на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија, а за потребите на Манастирот „Св.Ѓорѓија“ –с.Кучково.

**Член 2**

Возилото од член 1 на оваа Одлука е расходувано и отпишано од книководствената евиденција на Општина Ѓорче Петров .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-160/5**
**Од 27.01.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Гоце Петрески с.р.**